## Работилница 7. Сексуално насилство

### Материјали:

- работен лист за учениците: Сексуално вознемирување (возрасни)
- работен лист за учениците: Сексуално вознемирување (врсници)
- работен лист за учениците: Други видови сексуално насилство
- материјали за воведна и/или завршна активност

### Главна активност[1]

Сите се делат во три или шест групи и секоја група добива еден од трите работни листа за учениците: Сексуално вознемирување (возрасни), Сексуално вознемирување (врсници), или: Други видови сексуално насилство. Задача на секоја група е да смисли конкретна ситуација од училишниот живот во која е присутен некаков облик на сексуално насилство и тоа потоа да го раскаже или одглуми пред другите групи, укажувајќи на најбитните елементи од нејзиниот работен лист.

### Дискусија

1. Кои нешта од работните листови беа нови за вас?
2. Зошто воопшто зборуваме за сексуално насилство?
3. Има ли разлика во тоа дали сте машко или женско во однос на ризикот да се биде жртва на сексуално насилство?
4. Каде е поголем ризикот од сексуално насилство - во училиште или вон училиште?
5. Што треба да се направи доколку сте жртва или сведок на сексуално насилство во училиште? А вон училиште?

### Заклучок

За сексуалното насилство треба да се зборува затоа што тоа во голема мерка е „скриено‟; често оној кој го прави не е свесен/на за тоа, затоа што една од најдобрите мерки за спречување на идни инциденти е токму дефинирањето, освестувањето и јавното зборување за сексуалното насилство.

Во нашите култури поверојатно е дека жените се почесто жртви на сексуално насилство, особено помеѓу младите, од страна на врсниците. Но тоа не значи дека  мажите се „имуни‟ и дека не се жртви на некои облици на сексуално насилство. Често поради културните норми, тие едноставно помалку се свесни дека трпат сексуално насилство.

---

[1] Содржината во работните листови е земена од: Кениг Н. и Петроска-Бешка В. (2009) *Насилство* (брошура). УНИЦЕФ - Скопје: проект „Училиште по мерка на детето‟

За жал, тешко може да се предвиди дали е сексуалното насилство поприсутно во училиште или вон училиште. Резултатите од едно истражување[2] извршено во Македонија со ученици од 7. и 8. одделение, покажува дека во основните училишта меѓуврсничкото сексуално вознемирување е многу присутно: 72% од девојчињата и 60% од момчињата се изјасниле дека им се случило за нив да се шират гласини со сексуална конотација, на 63% од девојчињата и 22% од момчињата им биле упатувани гестикулации со сексуално значење, а 47% од девојчињата и 17% од момчињата биле допирани без да сакаат. Општо земено, слично како и во другите земји, девојчињата се почесто жртви, а момчињата се почесто вршители на овој тип насилство.

Не е срамно да се биде жртва на сексуално насилство, туку е срамно да се врши. Доколку некој е жртва или сведок, може да се обрати до некој/а наставник/чка во кого/која има доверба или до некој од стручната служба. Секако, и родителите треба да бидат известени. Истото се однесува и за ситуации вон училиштето, па се препорачува веднаш да се побара помош од некој возрасен, а доколку станува збор за посериозен инцидент, и од полиција. Во некои случаи, доволно е да се крене врева и насилникот да се откаже. Многу е важно никако да не се крие сексуалното насилство зашто тоа само оди во прилог на насилникот.

## Завршна активност

Предлог: Тип - Тап - Теп - Туп

## Рефлексија

1. Што правевме денеска?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

---

[2] Кениг Н**.** (2009) *„Провокативните" девојчиња и „неосетливите" момчиња: Меѓуврсничко сексуално вознемирување и креирање полово нееднаква атмосфера во основните училишта* (стр. 232-245). Freidrich Ebert Foundation - Скопје: Ревија за социјална политика

**Работен лист за учениците: Сексуално вознемирување (возрасни)**

**Сексуалното вознемирување** е облик на однесување при кој насилникот пред сè го повредува достоинството на жртвата, со најразлични вербални и/или физички постапки. При тоа, не доаѓа до сексуален контакт, односно контактот се сведува на допирање.

**Возрасните** во училиштето сексуално вознемируваат ученик/чка кога:
- непотребно и непосакувано физички ги допираат (пример: бакнуваат, галат, штипнуваат, потчукнуваат)
- прават шеги и непотребно користат зборови со сексуално значење (пример: користење пцовки, кажување „мрсни" вицови)
- им пишуваат и/или им праќаат пораки со сексуално значење (пример: електронски пораки, графити)
- им даваат коментари со сексуално значење (пример: даваат комплименти за физички изглед)
- употребуваат гестикулации со сексуално значење (пример: покажување среден прст)
- ги ѕиркаат (пример: во тоалети и соблекувални, „под фустан")
- им фотографираат интимни делови од телото
- озборуваат со сексуално значење (пример: зборуваат кој кому му се допаѓа, кој бил чие момче)
- им поставуваат прашања за нивниот интимен живот
- ги изложуваат на порнографски материјал
- им вршат упад во приватноста (без дозвола читаат СМС пораки, дневници и сл.)
- повторувано ги повикуваат на само
- користат други облици на однесување со/кон учениците, кои имаат сексуално значење, а со кои предизвикуваат повреда на достоинството на лицето и/или создаваат непријателско, заканувачко или понижувачко опкружување.

Кога учениците сексуално ги вознемирува возрасно лице од училиштето, тие ретко кога се осудуваат таквото нешто да го пријават кај родителите или другите возрасни во училиштето, поради срам или страв од последиците. Затоа, многу е важно со учениците да се зборува и да се охрабруваат да пријавуваат случаи на сексуално вознемирување.

Важно е да се знае дека ученик/чка (со оглед на тоа дека се работи за малолетно лице) НЕ МОЖЕ сексуално да вознемирува возрасно лице во училиштето. Ученичка која што „провокативно" се облекува, ниту некого сексуално вознемирува, ниту може да ја третираме како поодговорна доколку стане жртва на сексуално насилство од некоја која е помалку атрактивно облечена.

**Работен лист за учениците: Сексуално вознемирување (врсници)**

**Сексуалното вознемирување** е облик на однесување при кој насилникот пред сè го повредува достоинството на жртвата, со најразлични вербални и/или физички постапки. При тоа, не доаѓа до сексуален контакт, односно контактот се сведува на допирање.

**Врсниците** сексуално вознемируваат врсник/чка кога ги прават следниве работи кои им пречат на другите, а кои така стануваат жртви на сексуално насилство:
- непотребно и непосакувано физички ги допираат (пример: бакнуваат, галат, штипнуваат, потчукнуваат)
- прават шеги и непотребно користат зборови со сексуално значење (пример: користење пцовки, кажување „мрсни" вицови)
- им пишуваат и/или им праќаат пораки со сексуално значење (пример: електронски пораки, графити)
- им даваат коментари со сексуално значење (пример: даваат комплименти за физички изглед)
- употребуваат гестикулации со сексуално значење (пример: покажување среден прст)
- ги ѕиркаат (пример: во тоалети и соблекувални, „под фустан")
- им фотографираат интимни делови од телото
- озборуваат со сексуално значење (пример: зборуваат кој кому му се допаѓа, кој бил чие момче)
- им поставуваат прашања за нивниот интимен живот
- ги изложуваат на порнографски материјал
- им вршат упад во приватноста (без дозвола читаат СМС пораки, дневници и сл.)
- повторувано ги повикуваат на само
- користат други облици на однесување со/кон врсниците, кои имаат сексуално значење, а со кои предизвикуваат повреда на достоинството на лицето и/или создаваат непријателско, заканувачко или понижувачко опкружување.

Се чини дека возрасните во училиштето се многу малку свесни за овој тип насилство, бидејќи го третираат како пубертетско „додворување". Но, разликата е јасна - сè додека некое однесување со сексуална конотација жртвата го доживува како непосакувано, тоа не е израз на симпатија, туку насилство.

**Работен лист за учениците: Други видови сексуално насилство**

**Сексуалното злоставување** (силување) во школски контекст се случува тогаш кога децата се користат за сексуално угодување на возрасен или постаро дете, при што детето-жртва е ставено во ситуација да посматра или да учествува во сексуални активности.

**Сексуална експлоатација** би се случила доколку учениците сексуално се искористуваат за стекнување сексуални задоволства, но и за финансиска корист. Се разбира, овој облик на насилство е незамислив во училишен контекст.